СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 6 година XLVII

03 мај 2011

84.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за формирање на просторни сили за заштита и спасување во Општина Велес

Се објавува Одлуката за формирање на просторни сили за заштита и спасување во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.04.2011 година.

Број 08-2430/1
03.05.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 94 став 4 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр.36/04,49/04,86/08,124/10 и 18/11), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гасник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 28.04.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за формирање на просторни сили за заштита и спасување во Општина Велес

Член 1

За заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, во Општина Велес се формираат просторни сили за заштита и спасување и тоа:

-Општински штаб за заштита и спасување;

-Специјализирана единица за прва медицинска помош - во јачина на одделение;

-Специјализирана единица за противпожарна заштита - во јачина на одделение;

-Специјализиарана единица за спасување од поплави - во јачина на одделение;

-Специјализирана единица за комунални работи (за водовод и канализација) - во јачина на одделение;

-Специјализирана единица за комунални работи (за електрични инсталации) - во јачина на одделение;

-Специјализирана единица за комунални работи (за телефонско-телеграфски инсталации) - во јачина на одделение;

-Специјализирана единица за асанација на теренот - во јачина на вод; и

-Специјализирана единица за засолнување - во јачина на одделение.

Член 2

Персоналниот и материјалниот состав на просторните сили за заштита и спасување, е според „Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување“ бр.19-5482/1 од 21.11.2006 година („Сл.Вес.на РМ“ бр.124/2006 година).

Член 3

Специјализираната единица за асанација на теренот, ќе ја пополнува од своите вработени Јавното претпријатие за комунални работи „Дервен“ од Велес.

Член 4

Просторните сили за заштита и спасување првенствено ќе се употребуваат за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, односно техничко-технолошки хаварии и акциденти во урбаните заедници во општината Велес, а по потреба и одлука на Градоначалникот и во трговските друштва во општината Велес.

Просторните сили за заштита и спасување на барање на градоначалник од соседна општина, може да бидат упатени на интервенции во соседните општини.

Одлука за упатување на просторните сили за заштита и спасување за извршување на задачи во заштита и спасување во соседните општини, донесува Градоначалникот на Општина Велес.

Употребата на просторните сили за заштита и спасување од член 1 на оваа Одлука, ќе се врши во согласност со Законот за заштита и спасување и останатите прописи кои ја регулираат оваа материја.

Член 5

Раководењето и командувањето со просторните сили за заштита и спасување ќе се остварува според Законот за заштита и спасување и прописите кои произлегуваат од него.

Со активноастите - интервенциите за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, ќе раководи и командува штабот за заштита и спасување.

Со специјализираните единици, ќе командуваат командири на единиците.

Член 6

Членови на Општинскиот штаб за заштита и спасување (командант, началник и помошници на началникот), се стручни лица именувани од Градоначалникот на Општината Велес.

Командирите на единиците ги поставува на должност според персоналниот состав градоначалникот на општината.

Пред именување и поставување на должност на лицата во просторните сили за заштита и спасување (членови на општинскиот штаб и командири на единиците), се спроведува претходна пропишана постапка за распоредување и поставување на командна должност.

Член 7

Пополнувањето и евиденцијата за просторните сили за заштита и спасување од член 1 на оваа одлука ќе го врши и води Секторот за правни, финансиски, општествени, развојни и општи работи, во пропишана постапка и на стандардно пропишани обрасци во согласност со Законот за заштита и спасување.

Член 8

Составен дел на ова одлука е изводот од „Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување“, што ги формира Општина Велес.

Член 9

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за формирање на штаб за заштита и спасување во Општина Велес број 070-2095/3 од 16.05.2007 година и Одлуката за формирање на просторни специјализирани сили за заштита и спасување број 07-3071/11 од 10.06.2008 година.

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општината Велес“.

Број 07-2388/2
29.04.2011 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

85.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за престанок на постоење на Фондацијата „Коле Неделковски“ - Велес

Се објавува Одлуката за престанок на постоење на Фондацијата „Коле Неделковски“ - Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.04.2011 година.

Број 08-2430/2
03.05.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 63, став 1 , алиена 1 од Законот за здруженија и фондации („Сл.весник на РМ“ бр.52/10), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самопурава („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09 и 18/10), а во согласност со член 33 од Статутот на фондацијата „Коле Неделковски“- Велес бр.0701-75/2 од 18.02.2002 година.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 28.04.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за престанок на постоење на Фондација „Коле Неделковски“-Велес

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува престанок на постоење на Фондацијата „Коле Неделковски“-Велес, основана од Советот на Општина Велес со Одлука бр. 0701-2185/4 од 17.12.2001 година(во понатамошниот текст-Фондацијата).

Член 2

Средствата кои се утврдени на сметката на Фондацијата за исплата на стипендиите за оваа учебна година, ќе бидат во целост исплатени на сметка на учениците и студените кои се стипендијанти за оваа учебна година.

Член 3

По намирувањето на средствата за стипендија за оваа учебна година, ж-ската на Фондацијата која се води при Комерцијална банка –Велес, ќе биде згасната.

Член 4

По престанокот на работата на Фондацијата, депонираните средства што остануваат по намирување на побарувањата му се враќаат на основачот.

Член 5

Основачот на Фондацијата, Општина Велес одговара за обврските на Фондацијата во рок од три години од денот на бришењето од Регистарот, во согласност со закон.

Член 6

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за основање на Фондацијата „Коле Неделковски“ –Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 08/01).

Број 07-2388/3
29.04.2011 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес.
Славчо Чадиев с.р.

86.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за не усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Извештајот за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.04.2011 година.

Број 08-2430/3
03.05.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 24, став 2, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за не усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности

1. Советот на Општина Велес не го усвои Извештајот за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2388/4
29.04.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

87.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за распределба на финансиски средства за поддршка на квалитетен спорт во Општина Велес во 2011 година

Се објавува Решението за распределба на финансиски средства за поддршка на квалитетен спорт во Општина Велес во 2011 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.04.2011 година.

Број 08-2430/4
03.05.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ“, бр, 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06,3/09 и 18/10), а согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2011 година („Сл гласник на Општина Велес“ бр. 17/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 28.04.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за распределба на финансиски средства за поддршка на квалитетен спорт во Општина Велес за 2011 година

1. Со ова решение се врши распределба на средствата од Буџетот на Општина Велес на спортските клубови и спортисти од општината, согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2011 година, глава IV –Поддршка на спортот во градот, реден број 1 – Поддршка на квалитетен спорт – надоместок за користење на спортски објекти, за што се предвидени средства во висина од 2.200.000,оо денари и реден број 2 – Поддршка на пионерски и кадетски спортски екипи – надоместок за користење на спортски објекти за што се предвидени средства во висина од 300.000,оо денари.

Распределбата на средствата е прикажана во следниот преглед:

-Поддршка на квалитетен спорт – надоместок за користење на спортски објекти,

Ред.бр.	Име на спортската организација	
1.	Одбојкарски клуб „БОРЕЦ“	160.000
2.	Одбојкарски клуб „ФОРШПЕД“	100.000
3.	Клуб за мал фудбал „ВЕЛЕС“	120.000
4.	Клуб за мал фудбал „ГЕМИЏИИ“	120.000
5.	Ракометен клуб „БОРЕЦ“	200.000
6.	Ракометен клуб „ЛЕОВ БАРТЕК“	100.000
7.	Женски фудбалски клуб „БОРЕЦ“	150.000
8.	Клуб за гимнастички спортови „ПАРТИЗАН“	100.000
9.	Фудбалски клуб „ПРЕВАЛЕЦ“	100.000
10.	Фудбалски клуб „ИЛИНДЕН 1955“	100.000
11.	Фудбалски клуб „МАКЕДОНСКО СОНЦЕ“	30.000
12.	Фудбалски клуб „ГЕМИЏИИ“	30.000
13.	Фудбалски клуб „МЛАДОСТ“	30.000
14.	Фудбалски клуб „ИНТЕРНАЦИОНАЛ“	30.000
15.	Фудбалски клуб „ИЛИНДЕН“	30.000
16.	Фудбалски клуб „БОРЕЦ 2009“	100.000
17.	Кајакарски кану клуб „ВИЛА ЗОРА“	40.000
18.	Кајакарски кану клуб „БАБУНА“	25.000
19.	Кајакарски кану клуб „ВАРДАР“	40.000
20.	Кајакарски кану клуб „ГЕМИЏИИ“	25.000
21.	Карате клуб „ГЛАДИЈАТОР“	12.000
22.	Центар за боречки вештини „БУШИДО“	12.000
23.	Здружение на спортски риболовци „БАБУНА“	40.000
24.	Спортско риболовно друштво „МЕТАЛУРГ“	30.000
25.	Атлетски клуб „ИЗГРЕВ“	10.000
26.	Младинско велосипедски клуб „ВЕЛЕС“	17.000
27.	Пеливански клуб „ПЕЛИВАН“	10.000
28.	Планинарско друштво „МЛАДОСТ“	10.000
29.	Тениски клуб „БОРЕЦ“	30.000
30.	Кендо клуб „БУШИДО“	12.000
31.	Аикидо клуб „БУШИДО“	12.000
32.	Карате клуб „БУДО“	12.000
33.	Стрелачки клуб „ВЕЛЕС“	20.000
34.	Карате клуб „ЕНОЕДО“	12.000
35.	Карате клуб „ШКОРПИОН“	12.000
36.	Мото клуб „МОТО ВЕЛЕС“	10.000
37.	Параглајдинг клуб „АКВИЛА“	10.000
38.	Атлетски клуб „ВЕЛЕС“	10.000
39.	Фудбалски клуб „ГОРСКИ“	30.000
40.	Фудбалски клуб „БИРЛИК“	30.000
41.	Кошаркарски клуб„ГЕМИЏИИ“	40.000
42.	Кошаркарски клуб„БОРЕЦ БАСКЕТ“	40.000
43.	Одбојкарски клуб „БОРЕЦ“	100.000
	Резервен фонд	49.000
	ВКУПНО:	2.200.000

- Поддршка на пионерски и кадетски спортски екипи –надоместок за користење на спортски објекти

Ред. број	Име на спортската организација	
1.	Одбојкарски клуб „БОРЕЦ“	20.000
2.	Одбојкарски клуб „БОРЕЦ“-жени	20.000
3.	Ракометен клуб „БОРЕЦ“	20.000
4.	Ракометен клуб „ВЕЛЕС 2009“	20.000
5.	Ракометен клуб „ЛЕОВ БАРТЕК“	20.000
6.	Кошаркарски клуб„БОРЕЦ БАСКЕТ“	20.000
7.	Кошаркарски клуб„УНИ БАСКЕТ“	20.000
8.	Фудбалски клуб „ГЕМИЏИИ“	20.000
9.	Фудбалски клуб „ИНТЕРГРАДБА“	20.000
10.	Фудбалски клуб „БОРЕЦ 2009“	20.000
11.	Кајакарски кану клуб „ВИЛА ЗОРА“	20.000
12.	Кајакарски кану клуб „БАБУНА“	20.000
13.	Кајакарски кану клуб „ВАРДАР“	20.000
14.	Кајакарски кану клуб „ГЕМИЏИИ“	20.000
15.	Здружение на спортски риболовци „БАБУНА“	10.000
16.	Спортско риболовно друштво „МЕТАЛУРГ“	10.000
	ВКУПНО:	300.000

2.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2388/5
29.04.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

88.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за формирање Комисија за заштита на правата на пациентите

Се објавува Решението за формирање Комисија за заштита на правата на пациентите, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.04.2011 година.

Број 08-2430/5
03.05.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 41 од Законот за заштита на правата на пациентите („Сл.весник на РМ“ бр. 82/08 и 12/09), член 32, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02), член 23, став 1, алинеа 9 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10) и член 132 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за формирање Комисија за заштита на правата на пациентите

1.Со ова Решение се формира Комисија за заштита на правата на пациентите, во состав на:

-Спасе Петров, претставник од Здружение на дијабетчари;

-Далиборка Златева,претставник од Здружение на родители на деца заболени од церебрална парализа;

-Весна Стојановска Ивановска, претставник од Здружение на родители на деца заболени од церебрална парализа;

-Сашко Андреевски,претставник од Здружение за здраво поколение;

-Зорица Петковска-доктор по општа медицина;

-Горан Богатинов –доктор по општа медицина;

-Тони Пајдаков,претставник од Здружение на слепи лица Велес;

-Ниџов Борис, претставник на Здружение на глуви и наглуви и

-Сања Стојанова, претставник од Здружение на граѓани „ЦИР-Вигодски“.

3. Основна задача на Комисијата е унапредување и заштита на правата на пациентите во општината.

4.Комисијата донесува Деловник за работа со кој поблиску се уредува начинот на неговата работа.

5.За својата работа Комисијата е должна да поднесува Годишен извештај за заштита на правата на пациентите до Советот на Општината.

6.Мандатот на членовите трае две години од денот на именувањето, со право на уште еден последователен мандат.

7.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2388/6
29.04.2011 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

89.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред

Се објавува Заклучокот за симнување на точка од дневен ред – Решение за формирање Совет на потрошувачите, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.04.2011 година.

Број 08-2430/6
03.05.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за симнување на точка од дневен ред

1. Точката 6 од Дневниот ред: - Решение за формирање Совет на потрошувачите, беше симната од дневниот ред на самата седница на Советот на Општина Велес поради дополнителни консултации со јавните претпријатија и служби од кои треба да се делегираат претставници во ова тело.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2388/7
29.04.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

90.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за разрешување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

Се објавува Решението за разрешување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.04.2011 година.

Број 08-2430/7
03.05.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 17, став 3 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр. 38/96,06/02,40/03 и 49/06), член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02), и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницатаодржана на 28.04.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

1.Од должноста член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес се разрешува:

-Димче Петров

2.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2388/8
29.04.2011 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

91.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за именување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

Се објавува Решението за именување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.04.2011 година.

Број 08-2430/8
03.05.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 17, став 3 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр. 38/96,06/02,40/03 и 49/06), член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02), и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

1.За член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес се именува:

-Тања Арсевска –дипл.инжинер за животна средина

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2388/9
29.04.2011 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

92.

Врз основа на член 78 од Изборен законик –пречистен текст (“Службен весник на РМ” бр.54/11) и член 50, став 1, точка 16 од Закон за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.05/02),

Градоначалникот на Општина Велес

О Б Ј А В У В А
утврдување на места на кои е дозволено да се истакнуваат изборни плакати со обезбедени еднакви услови за сите организатори на изборната кампања учесници во предвремените парламентарни избори во 2011 година

I. Локации за поставување на изборни плакати

А. ЗАКАЧУВАЊЕ НА ИЗБОРНИ ПЛАКАТИ НА ЕЛЕКТРИЧНИ СТОЛБОВИ, СТОЛБОВИ ЗА УЛИЧНА РАСВЕТА СО ДИМЕНЗИИ 0,50 x 0,70 м. ЧИСТА ВИСИНА НА ПОСТАВУВАЊЕ - 2,60 м. ОД ДОЛНАТА ИВИЦА НА ПАНОТО

1. На ул.”Алексо Демниевски” на потегот од Бензиската пумпа до крстосницата кај пошта на 16 метални столба за улично осветлување.

2. На ул.”Петре Прличко”(левиот брег на р.Вардар), на спојот од Стар мост-од Детската градинка, од страната на Градскиот пазар се до мостот „Гемиџии“ на 12 метални столба за улично осветлување.

3. На ул.”Димитар Влахов” од кај Градски пазар пред Жито маркет, по раскрсницата кај Мостот „Гемиџии“, во правец на Железен мост се до бензиска пумпа на Лук-оил на 26 метални столба за улично осветлување.

4. На ул.”Гоце Делчев” на 7 столба за улично осветлување.

5. На ул.”Страшо Пинџур” на 3 столба за улично осветлување.

6.На ул.”Благој Ѓорев” од раскрсницата кај Пошта до раскрсницата на спој со ул.”Благој Ѓорев” со ул.”Ленинова” на преку 50 столбови за улично осветлување, а понатаму се до “Тунел 2” на столбови за улично осветлување покрај улицата движејќи се кон Тунелот.

7. На ул.”Моша Пијаде” од раскрсницата кај Општината па се до Топилницата на сите столбови за улично осветлување.

8.На „Алеско Демниевски“, од ф-ка за масло Благој Ѓорев се до Железничка станица на сите столбови за улично осветлување.

9. На ул.”Вардарска”, на страната кај “Ветекс”, на 30 метални столба за улично осветлување.

10. На ул.”Благој Ѓорев” по целата должина на бетонската ограда над подземните гаражи и на бетонскиот sид од скалите спрема раскрсницата кај трговскиот центар во Населба.

11. Паркинг плац кај стара аптека, на потпорниот sид на ул.”Коле Неделковски”.

12. На ул.„Маршал Тито“ на потпорниот sид од десната страна под Градскиот саат па до почетокот на дуќаните.

13.На ул.„Маршал Тито“ на делот кон Долни дуќани на sидот од скривниците.

14.На ул. „Димитар Влахов“на потпорниот sид од плоштад „Варналиеви“.

15.Потпорен sид од ул .„ Шефки Сали “, до лесвичките пред Македонска пошта по целата должина.

Б. ПОСТАВУВАЊЕ НА МОНТАЖНО-ДЕМОНТАЖНИ ПАНОА СО СОПСТВЕНА НОСЕЧКА КОНСТРУКЦИЈА ИЛИ СО КОНСТРУКЦИЈА ЗА ЗАКАЧУВАЊЕ НА ЈАВНА ОГРАДА СО МАКСИМАЛНА ДИМЕНЗИЈА 1,0 x 2,0 м

1. На новото двонаменско засолниште пред Основниот суд повеќе подвижни паноа (за секој организатор на изборната кампања по едно место).

2. На улица “Маршал Тито”, а пред поранешна -Стоковната куќа на растојание од 1,20 м. од излогот во целата негова должина покретни паноа. Во слободниот простор помеѓу поранешна-Стоковната куќа и првата станбена зграда на Комплексот “Чешел”-покретни паноа слободно поставени (за секој организатор на изборната кампања по едно).

3. На ул. ”Маршал Тито” од левата страна во правец на Стариот мост кај паркчето спроти „Градскиот саат“.

4. На оградата над потпорниот sид на ул.”Димитар Влахов” како подлога за закачување на паноа во должина од 0,70м, а висина 0,80м.

5. На оградата над потпорниот sид на ул.”Благој Ѓорев”, пред ул.„Тодор Јанев“ во целата должина (100м).

Дополнителните места - на билборди за истакнување на изборни плакати со надоместок, организаторите на изборната кампања ќе можат да ги користат со претходен договор непосредно со СКРИН МЕДИЈА ДООЕЛ експорт - импорт од Тетово или на телефон: 02 3 22 49 44.

II.Начин на доделување на локациите за поставување на изборни плакати

Утврдените локации во точките А и Б за поставување на изборни плакати се без надоместок.

Општината ќе го изврши одбележувањето на местата за поставување на изборните плакати за секој подносител на листи поодделно.

Одбележувањето ќе се изврши рамноправно за сите учесници во изборната кампања.

Изборни плакати можат да се истакнуваат и на станбени или други приватни објекти, со претходна согласност од сопственикот на објектот.

Не е дозволено истакнување на плакати од кампањата на објектите каде се наоѓа гласачкото место или просторијата каде што се спроведува гласањето.

Не се дозволува лепење на изборни плакати на фасади, културно-историски споменици, спомен обележја, бисти, платанови стебла и останати стебла на дрвјата од централно градско подрачје.

Во населените места во Општина Велес се дозволува лепење на изборни плакати на слободни површини погодни за таква намена, односно на станбени или други приватни објекти со претходна согласност (одобрение) од сопственикот на објектот.

Согласно Одлуката за утврдување на местата и начинот на бесплатното плакатирање на подрачјето на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.5/02) не се дозволува поставување на изборни плакати на рекламните столбови поставени на подрачјето на Општината.

Уништување на изборни плакати или лепење плаката врз плаката на други организатори на изборната кампања е забрането.

Уништување на изборни плакати или лепење плаката врз плаката на други организатори на изборната кампања е забрането.

Организаторот на изборната камплања е должен во рок од 30 дена по завршувањето на изборите да го отстрани сметот од плакатите.

Не придржувањето кон утврдените места и определените услови повлекува казна за сторен прекршок според казнените одредби од Изборниот законик ("Службен весник на РМ"бр.54/11-пречистен текст).

Објавата да се истакне на јавни места и да се достави до информативните гласила.

Доставено до:
- Политички партии;
-ОБСЕ
- Јавни гласила;

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с,р.

93.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 12, точка 12 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр. 66/04,89/08 и 116/10),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 08.04.2011 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување на вршител на должност директор на Локалната библиотека „Гоце Делчев" - Велес

1.Се разрешува лицето Гордана Васковска - дипломиран економист од функцијата вршител на должност директор на Локалната библиотека „Гоце Делчев"- Велес.

2. Се задолжува разрешениот директор со новоизбраниот директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.

3. Лицето кое се разрешува, се распоредува на работно место во установата соодветно на неговата стручна подготовка.

4. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето на согласност од Министерството за финансии и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 08- 1952/1
08.04.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Горан Петров

94.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 12, точка 7 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр. 66/04,89/08 и 116/10),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 07.04.20111 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на директор на Локалната библиотека „Гоце Делчев" - Велес

1. За директор на Локалната библиотека „Гоце Делчев"- Велес се именува:

-Игор Крајчев - дипломиран професор

2. Директорот раководењето со Локалната библиотека „Гоце Делчев"- Велес ќе го извршува во траење од 4 (четири) години.

3. Се задолжува Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев "- Велес да ги извести кандидатите за извршениот избор .

4. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од страна на Министерството за финансии и истото ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 08-1319/7
07.04.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Горан Петров

Бр на акт **Страница**

84	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за формирање на просторни сили за заштита и спасување во Општина Велес**	**194**
	О Д Л У К А за формирање на просторни сили за заштита и спасување во Општина Велес	
85	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за престанок на постоење на Фондацијата „Коле Неделковски“ - Велес**	**195**
	О Д Л У К А за престанок на постоење на Фондација „Коле Неделковски“-Велес	
86	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Заклучок за не усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности**	**196**
	З А К Л У Ч О К за не усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности	
87	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за распределба на финансиски средства за поддршка на квалитетен спорт во Општина Велес во 2011 година**	**197**
	Р Е Ш Е Н И Е за распределба на финансиски средства за поддршка на квалитетен спорт во Општина Велес за 2011 година	
88	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за формирање Комисија за заштита на правата на пациентите**	**198**
	Р Е Ш Е Н И Е за формирање Комисија за заштита на правата на пациентите	
89	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред**	**199**
	З А К Л У Ч О К за симнување на точка од дневен ред	
90	**З А К Л У Ч О К за објавување Решение за разрешување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес**	**199**
	Р Е Ш Е Н И Е за разрешување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес	
91	**З А К Л У Ч О К за објавување Решение за именување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес**	**200**
	Р Е Ш Е Н И Е за именување член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес	

Бр на акт **Страница**

92	**О Б Ј А В У В Аутврдување на места на кои е дозволено да се истакнуваат изборни плакати со обезбедени еднакви услови за сите организатори на изборната кампања учесници во предвремените парламентарни избори во 2011 година**	**199**
93	**Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на вршител на должност директор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ - Велес**	**203**
94	**Р Е Ш Е Н И Е за избор на директор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ - Велес**	**203**

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00